Арх.Бр.0207/117
17.03.2023 година

ЈАВЕН ОГЛАС за Претседател на Институт

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (Службен весник број 173 од 01.08.2022 година), на ден 17.03.2023 година објавува Јавен оглас 0207/117 за избор на претседател на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

Кандидатот треба да ги исполнува следните услови утврдени во член 21 став 3 од ЗВСР:

(1) има работно искуство како сметководител или овластен сметководител од најмалку пет последователни години до денот на поднесување на кандидатура;

(2) е во редовен работен однос и има поднесено програма за работа и развој на Институтот за четиригодишниот мандат;

(3) да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и

(4) да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат условите во согласност со член 21 од Законот за вршење сметководствени работи (Сл.весник на Р.С.М. бр.173/22 од 01.08.2023) и овој повик, во рок од 8 дена, сметано од денот на објавувањето на овој Јавен оглас, до архивата на Институтот на ул. Кеј 13ти Ноември кула 2/8 Скопје, (помеѓу 8 и 16 часот) да ги достават следните документи:

- CV за кандидатот;
- Уверение за сметководител/овластен овластен сметководител за кандидатот издадено од Институтот;
- Оригинал документ за вработувања и работни места од Агенција за вработување (АВРСМ) со кој се докажува бројот на години стаж;
- Документ за потврда за редовен работен однос;
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност,
- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;
- Програма за работа, план за активности и главни цели на инстититутот, развој на сметководставената струка за време на целокупниот мандат. Програмата да биде поделени по години за време на целокупниот мандат.

Исполнетоста на критериумите за учество во изборот на Претседател ќе биде утврдена од страна на Комисијата од член 72 од Законот. По спроведената постапка за исполнетост на критериумите, кандидатите ќе бидат навремено писмено известени дали ги исполнува критериумите за учество за избор на Претседател.

Во самата апликација кандидатот задолжително да наведе дека аплицира за Претседател на Институтот и член на Управен одбор.

Институтот на сметководители
и овластени сметководители
ВД-Претседател:

Весна Прентоска